Neni 119

Me ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji do të shfuqizohet Ligji për tatim personal mbi të ardhura ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numer 80/93, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 160/07, 159/08, 20/09, 139/09, 171/10, 135/11, 166/12, 187/13, 13/14, 116/15, 129/15, 199/15, 23/16 dhe 190/17).

Neni 120

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të fillojë të zbatohet nga 1 janari 2019.

---

**4533.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА ПОРАДИ ПРИВАТИЗАЦИЈАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ДОМИНАНТНА СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 декември 2018 година.

Бр. 08-7422/1
24 декември 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА ПОРАДИ ПРИВАТИЗАЦИЈАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ДОМИНАНТНА СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА**

Член 1

Во Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата („Службен весник на Република Македонија" број 198/18), во членот 1 зборовите: „30 јуни 2017" се заменуваат со зборовите: „31 декември 2018".

Член 2

Во членот 2 алинеја 4 зборовите: „30 јуни 2017" се заменуваат со зборовите: „31 декември 2018".

Член 3

Во членот 6 став 1 зборовите: „31 декември 2018" се заменуваат со зборовите: „28 февруари 2019".

Член 4

Постапките за остварување на право на материјално обезбедување на невработените лица започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат според Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата („Службен весник на Република Македонија" број 198/18).

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM MATERIAL TË PERSONAVE TË PAPUNË PËR SHKAK TË PRIVATIZIMIT TË NDËRMARRJEVE ME PRONËSI DOMINUESE TË SHTETIT**

Neni 1

Në Ligjin për sigurim material të personave të papunë për shkak të privatizimit të ndërmarrjeve me pronësi dominuese të shtetit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 198/18), në nenin 1 fjalët: "30 qershor 2017" zëvendësohen me fjalët: "31 dhjetor 2018".

Neni 2

Në nenin 2 alineja 4 fjalët: "30 qershor 2017" zëvendësohen me fjalët: "31 dhjetor 2018".

Neni 3

Në nenin 6 paragrafi 1 fjalët: "31 dhjetor 2018" zëvendësohen me fjalët: "28 shkurt 2019".

Neni 4

Procedurat për realizimin e të drejtës për sigurim material të personave të papunë të filluara deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të përfundojnë sipas Ligjit për sigurim material të personave të papunë për shkak të privatizimit të ndërmarrjeve me pronësi dominuese të shtetit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 198/18).

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4534.**

Врз основа на член 45 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија", бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11 и 151/11), претседателот на Република Македонија, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА УНИФОРМИТЕ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат униформите на Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата), како и начинот и условите за нивното носење.

1. ЗНАЧЕЊЕ НА УНИФОРМИТЕ, НАЧИН И УСЛОВИ НА НОСЕЊЕ НА УНИФОРМИТЕ

Член 2

Униформите се надворешно обележје за припадност на Армијата кои имаат идентитетска и заштитна функција и се дел од елементите на еднообразноста и воената дисциплина.